ЗАПИСНИК
од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
одржана на 15.07.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 27-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.07.2020 година.
2. Покренување на прекршочна постапка против радиодифузери поради прекршување на изборниот молк.
3. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.07.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со покренувањето на прекршочна постапка против два радиодифузери поради прекршување на изборниот молк, предложи образложенијата и дискусијата од страна на службата и Советот да се одвиваат во една заедничка дискусија, а потоа да се гласа поединечно за секој радиодифузер. Посочи дека станува збор за прекршување на ист член од Изборниот законик односно емитување на изјави на министер во Владата за време на изборен молк. Во таа насока побара согласност од членовите на Советот за неговиот предлог, но бидејќи никој немаше забелешка констатира дека предлогот е прифатен.

Г-дин Трајчевски објасни дека кај двата радиодифузери е емитувана прес-конференција на министерот за здравство Венко Филипче за време на изборен молк и на тој начин е прекршен член 76-б став 3 од Изборниот законик. Во врска со прекршувањето кај ТВ Телма објасни дека изјавите од министерот се емитувани во трите изданија на вестите на 13 јули и во утринското издание на 14 јули 2020 година. Информира дека во текот на вчерашниот ден имаше реакции на социјалните мрежи од главниот и одговорен уредник и директор на ТВ Телма Атанас Кировски во насока дека Агенцијата спречувала пренесување на информации од јавен карактер, за што рече дека апсолутно не е точно. ТВ Телма можела да ја пренесе информацијата без притоа да го даваат тонски и со слика министерот Венко Филипче во делот на тоа колкав број има на новозаразени, починати и оздравени од корона вирусот, а во делот на информацијата за наводните активности што ќе ги презема Владата од месец септември за отворање на регионални ковид центри, тоа е на некој начин измислен настан за да може министерот да биде присутен во медиумите. Таа информација телевизијата можела да ја емитува по завршување на изборниот молк, бидејќи не е нешто што е толку многу значајно за да се пренесе од прес-конференција во понеделник од министерот за здравство. Информира дека во текот на вчерашниот ден кај него се јавила уредничката на вестите во понеделникот, Снежана Лупевска која се извинила и објаснила дека била направена ненамерна техничка грешка, односно пропуст, која веднаш ја воочила во моментот кога ги видела вестите. Но, посочи ако се погледне ситуацијата и ако навистина уредничката ја зборува вистината, тогаш се поставува прашањето зошто ако грешката се случила во вестите во 15:30 и воочиле, зошто продолжиле и понатаму во 18:30, 21:30 часот па потоа и следниот ден. Исто такво телефонско јавување со идентичен разговор Лупевска остварила и со раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска. Но рече, наспроти тоа писмото што го достави ТВ Телма, кое е препратено до членовите вчера попладне, е со друга содржина во насока дека тие го следеле јавниот интерес што апсолутно не е точно, бидејќи 115 останати радиодифузери исто така известија за настанот, информираа за бројот на заболени, починати и оздравени, но никој од нив не даде тонска и видео снимка и кадар од министерот Филипче. И што е најважно, во текот на вчерашниот ден и од вчерашниот уредник на вестите Марија Дивитарова имал телефонско јавување која прашала дали вчерашната прес конференција на министерот за внатрешни работи Чулев смеат да ја објават во вестите. За него рече дека е чудно што прашуваат вчера, а завчера кога имаше иста таква ситуација немаше ниту такво јавување ниту барање за консултација и четири пати во различни изданија на вестите ја објавија

таа информација. И најважната работа е дека имаше пријава од директорот на една од 5-те национални терестријални телевизии дека во понеделникот е вршен жесток притисок од владеачката партија пресот на Филипче да биде објавен во вестите затоа што тоа ќе им донело големи политички поени и таа телевизија го одбила барањето како што и направиле останатите 115 медиуми во нашата држава, освен овие два медиуми кои што сакаат себеси да се прикажат како професионални, а Агенцијата дека работи тенденциозно против јавниот интерес. Што се однесува кај Телевизија Алсат-М објасни дека и тие имаа повеќе прилози во вестите со истиот министер. Во текот на вчерашниот ден имал комуникација со директорот на ТВ Алсат-М, бидејќи казната, односно покренувањето на прекршочната постапка од страна на Советот не значи само казна од 4 илјади евра за медиумот, туку и 30% за одговорното лице односно за управителот на радиодифузерот. Наведе дека имал „цинична комуникација“ од страна на директорот на ТВ Алсат-М, за да на крајот во 17:00 часот во телефонски разговор побарал да дојде во Агенцијата за да го признаат прекршокот и да платат 50% од казната. Го известил дека Изборниот законик не ја дава таа можност како што ја дава ЗААВМУ и дека прекршокот треба да си го признаат на суд и овој разговор да го води со судијата кој ќе биде надлежен за овој процес. Бидејќи станува збор за апсолутно јасно прекршување на Изборниот законик, се предлага Советот да покрене прекршочна постапка за двата радиодифузери.

Г-дин Петршевски се заблагодари за деталното образложение во воведот и рече дека се дадени дополнителни информации кои ги нема во материјалите и дека има работи што и самите ги гледаат на медиумите и отвори дискусија.

Г-дин Фетаи рече дека по образложението на директорот и материјалите кои ги имаат добиено по точките нема што друго да додаде освен дека е оправдано, дека е забележано и дека Агенцијата навремено реагирала. Појасни дека не може медиумите да се однесуваат бахато, тие да оценуваат што е јавен интерес а што не е јавен интерес. Затоа постои регулаторот да оцени, постои Закон во кој е јасно предвидено и одредено што значи изборен молк. Рече дека останува да се надеваат дека ова ќе влијае кон нив едукативно и им порача да не се прават арогантни во смисла на тоа што тие објавуваат, туку да ги почитуваат и да се однесуваат сериозно кон нивните законски обврски што ги имаат. Жал му е што понекогаш си земаат за право кон директорот, како на пример директорот на телевизијата, па главниот уредник, па сопственикот, како Агенцијата да е нивен адвокат, а не регулатор кој треба да ги мониторира што емитуваат. Во крајна линија разговарале дека Советот е тука да ја штити публиката, гледачите и слушателите да ги штитат од злоупотреби на Законот. Во таа смисла смета дека е добро направен материјалот и го поддржува тоа што е предложено.

Г-дин Фиданоски рече дека тој во дискусијата би внимавал и не би одел со претешки квалификации за медиумите какви се тие и што се. За нив рече дека тие се едни од столбовите на демократското општество на секоја држава. Ако ги нема нив демократијата сериозно ќе биде доведена во прашање. Потсети дека често пати во минатото имале искуство на луѓе кои што претерувале со однесувањето повикувајќи се на тоа дека добиле мандат од народот на избори, а добивање на мандат не значи дека можеш да правиш што сакаш во државата додека си на власт. Од тие причини се

согласува ако има прекршок Советот треба да реагира, тоа да го санкционираат според Изборен законик, но да не се искажуваат претешки квалификации кон медиумите. Во врска со образложението од директорот рече дека нема сознанија дали е вршен притисок или не врз медиумите за да биде објавена изјавата на министерот. Во секој случај рече дека според него е направен превид на тоа објавување, може превид е направено и во министерството за здравство и истата работа можела да биде кажана и од некој друг официјален претставник кој не е учесник во кампањата и прилозите ќе биле подготвени како што треба. Во секој случај прекршокот е направен и Советот треба да ги санкционира за што има и овластување според Законот. На крајот, бидејќи имал сознанија дека имало изјави од друг министер, конкретно од министерот за внатрешни работи кои биле пренесувани преку интернет, на веб страниците на радиодифузерите, праша дали надзорот утврдил дека има пуштено негова изјава во време на изборен молк од радиодифузери?

Г-дин Трајчевски одговори дека на седницата која е најавена за утрешниот ден ќе има точка поради такво прекршување. Тоа е констатирано кај Македонско радио прв програмски сервис, можеби ќе има уште и на два програмски сервиси на македонскиот јавен сервис, но тоа треба да се потврди. Најави дека во текот на денешниот работен ден, кога ќе се добие јасна слика ќе се извести и јавноста преку соопштение.

Г-дин Фетаи рече дека ќе се надоврзе околу оценките која е улогата и значајноста на медиумите во едно демократско општество. Се согласи дека нема дилеми дека медиумите ја имаат својата позиција во изградбата на демократското општество, но исто така е позната и негативната улога на медиумите, на одредени медиуми, кои се непрофесионални, со разгорување на национална, верска омраза, кога медиумите потпаѓаат под разни екстремни влијанија итн. Тогаш тие не се дел од добрата приказна туку од лошата приказна. И во овој момент сега кога го прекршиле законот тие се дел од таа лоша приказна, како непрофесионални, не во таа смисла дека направиле огромна грешка или прекршок, но ги прекршуваат правилата. На пример рече, доколку емитуваните изјави имаат влијание врз изборниот резултат, тогаш значи се дел од политичката игра, а медиумите во најмала рака не смеат да бидат дел од политичката игра, тие треба да бидат професионални, објективни итн. Се обрати до г-дин Фиданоски и му рече дека во таа смисла кога ги оценува медиумите , тогаш верува дека не дава кон нив никаква тешка оценка. Има исклучоци на професионални медиуми, но има и случаи кога немаат познавање што е новинарство, што е објективност, што е професионалност и сведоци се во други земји кога новинарите се на некој начин иницијатори на започнување на војни. Посочи дека апсолутно во таа смисла му била идејата на неговата дискусија.

Г-дин Фиданоски рече дека со колегата Фетаи е задоволство да се дискутира и знае дека честопати на крајот ќе дојдат на исто становиште само различен им е начинот на изразување. Објасни дека му засметала употребата на зборот „бахато“ и дека е претежок збор за медиумите, говорејќи општо, генерално, за сите медиуми, не именувајќи поединечни случаи. Појасни дека две децении работел во медиуми и многу добро знае кој од медиумите како работи, колку е професионален, и тоа со сигурност од прва рака.

Г-дин Петрушевски рече дека се обидел во овие два-три дена некако да ги разбере медиумите зошто ја направиле оваа грешка, и едно од неговите размислувања е дека се

работи за специфична ситуација, бидејќи изборите се во среда, во работен ден, значи ова прв пат се случува. Веројатно во понеделникот тие не биле ни свесни дека изборниот молк е започнат. Инаку рече дека нема оправдување за прекршокот, не може да го оправдаат, точно е пишано во член 76-б став 3 дека секоја комуникација, аудио или визуелно во материјали на било кој претставник на власта, значи на министер или учесник во изборната кампања, претставува прекршување на изборниот молк, што очигледно е прекршен. Она што му дава дополнителна тежина е тоа што министерот со чиј што пренос е прекршен молкот, учествува активно во изборната кампања иако не е кандидат за пратеник или за премиер, сепак него го има во многу спотови и самиот изјавил дека оди на средби со граѓани, активно учествува од страната на една политичка партија, исто така и самиот кажал дека учествувал и во изборната програма. Така што не може никако да се оправда, грешката не е страшна, но ќе го поддржи предлогот. Мора прекршокот да се евидентира и судот ќе си одлучи дали има можност таа грешка да ја намали или да ја зголеми или мора да биде фиксна. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот и смета дека превентивно добро беше што реагираше Агенцијата уште вчера и дека тоа ќе предизвика да не се повторат вакви грешки кај медиумите, а остануваат точно уште 10 часа до крајот на изборниот молк. Се надева дека ова ќе придонесе вакви грешки да не се повторуваат иако се најави дека се случила уште една грешка и таа утре соодветно ќе ја санкционираат. Неговиот став беше да се поддржат предлозите за прекршочни постапки за двата медиуми.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, бр.10-2918/1 од 14.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

Советот едногласно заклучи против Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, наведениот радиодифузер на 13 и на 14 јули 2020 година во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во кои има изјави од министерот за здравство Венко Филипче. Изјавите во одредени прилози се предадени како директно обраќање, во други се прекажани и дадени во пишана форма на телоп.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-2919/1 од 14.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

Советот едногласно заклучи против Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, наведениот

радиодифузер на 13 и на 14 јули 2020 година во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во кои има изјави од министерот за здравство Венко Филипче. Изјавите во сите прилози се предадени како директно обраќање на министерот.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2892/4**
**16.07 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**